Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

**Број: 04-1333/5**

**Датум:13.02.2026 година**

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 208/24 и 210/24), Државниот секретар на Министерството за транспорт донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за административен службеник**

1. По јавниот оглас број 939/2025 за вработување на административен службеник во Министерството за транспорт, објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, од Предлогот за вработување на кандидат за работно место **Помлад соработник за воздухопловство** во Одделение за воздухопловна политика во Сектор за воздухопловство со јавност, шифра број УПР 01 01 В04 000 – 1 (еден) извршител, се избира следниот кандидат:

   - **Татијана Поп Ташев**

2. Раководното лице на Министерството за транспорт во рок од 5 (пет) дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за вработување на кандитатот од точка 1 на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 04.08.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во Министерството за транспорт, за работно место **Помлад соработник за воздухопловство** во Одделение за воздухопловна политика во Сектор за воздухопловство – 1 (еден) извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција на кандидати за вработување со Решение број 10-2076/9 од 19.11.2025 година и број 10-2076/10-78/1 од 08.01.2026 година, донесено од страна на Директорот на Агенцијата за администрација.

Комисијата спроведе административна селекција и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник заведен под број 10-78/2 од 15.01.2026 година, по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под број 10-78/5 од 29.01.2026 година. На ден 03.02.2026 година Комисијата спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и за истото состави Записник заведен под број 10-78/6 од 03.02.2026 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата, до Министерството за транспорт доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување број 10-78/7 од 11.02.2026 година, врз основа на што Државниот секретар изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Стефан Волкановски**

Доставено до:
- Именуваната;
-Сектор за управување со човечки ресурси;
- Агенција за администрација;
- Архива;

Изработил: Билјана Мојсовска Милеска
Проверил: Огнен Ристовски